Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-299/1
Датум: 18-03-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 381/1 од 25.4.2024 година, поднесена од Национален сојуз на слепи, во име на група засегнати лица, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на правосудството, која произлегува од Законот за нотаријат, против надлежната институција – Министерството за правда на Република Северна Македонија и претставка поднесена од а заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на правосудството, против нотарка и заштита од дискриминација која потекнува од Законот за нотаријат, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на пристап до нотарските услуги која произлегува од Законот за нотаријат (Сл. весник на РСМ бр. 72/2016; 142/2016; 25/2018; 233/2018) кон лицата со попреченост.

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на попреченост во областа на пристап до нотарските услуги од страна на нотарка кон .

## Образложение

На 25.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација со архивски број 08 – 381/1, од страна на Национален сојуз на слепи, во име на група засегнати лица против Министерството за правда на Република Северна Македонија како надлежна институција во однос на Законот за нотаријат.

Како повод за поднесување на претставката се наведува дека Националниот сојуз на слепи, подолг временски период добивал поплаки од страна на своите членови. Истите се однесувале на трпење дискриминација при составување на нотарски акти и други видови на договори, поради тоа што слепите лица и лицата со оштетен вид се приморани самите да најдат сведоци. На тој начин се изложуваат на дополнителни трошоци и стрес при остварување на основните потреби. Според подносителот основата на оваа пракса произлегува од членот 59 од Законот за нотаријат, поради што

предлагаат да се констатира дискриминација и следствено да се препорача измена на конкретниот член, со цел отстранување на дискриминацијата од законот. Со истата претставка се адресира и дискриминација кон лицата со оштетен вид при употребата на факсимилот како потпис. Подносителот предлага во постапките пред јавните органи, на лицата со попреченост кои имаат трајни последици од физичко или сетилно оштетување или болест да им биде овозможено потпишување документи со помош на печат кој содржи лични податоци за идентитетот или печат со врежан потпис. Во однос на употреба на факсимилот, во претставката се реферира на позитивна компаративна практитка од Република Србија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по наводите од претставката до Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

На 5.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од Нотарската комора на РСМ со бр. 08 – 381/3. Во поднесокот Нотарската комора истакнува дека сето наведено од претставката е согласно законските норми од Законот за нотаријат и поради тоа нотарите во својата работа се должни да постапуваат на тој начин. Доколку постапат спротивно, можат да подлежат на дисциплинска одговорност. Појаснуваат дека задолжителното присуство на двајца сведоци при составување на нотарски акт е пропишано со член 59 од Законот за нотаријатот, додека трошоците за присуство на двајца сведоци пред нотар се пропишани со член 14, став 2 од Нотарската тарифа. Во однос на наводите за дискриминација при користење на факсимил, посочуваат дека Законот за нотаријатот не дозволува употреба на факсимил, туку начинот на потпишување на нотарските исправи е утврден со членот 40. Според Нотарската комора на РСМ наводот за дискриминација е неоснован, поради тоа што сметаат дека овие лица се писмени, ги уживаат сите права и се изедначени во се' со останатите учесници и поради тоа тврдат дека и за оваа категорија лица важи правилото и можноста за своерачно потпишување.

Министерството за правда достави поднесок за произнесување по претставката до Комисијата на 19.7.2024 година со бр. 08 – 381/5. Според Министерството за правда одредбата од членот 59 од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) не е во спротивност со членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа го поткрепуваат со појаснување на целта, тврдејќи дека основната цел на одредбата е ефикасно остварување и превенција од злоупотреба на правата, кога при составување на нотарски акти некој од учесниците е слеп, глув, нем

или глувонем. Според надлежното министерство, на тој начин правната сигурност на овие лица е зголемена при учество во постапка пред нотар. Министерството за правда тврди дека за учество на сведоците, нотарите не наплатуваат награда. Поради тоа, надлежното министерство смета дека одредбата има легитимна и објективно оправдана цел, и како таква е пропорционална, соодветна и неопходна. Во однос на наводите кои се однесуваат на спречување во употреба на факсимил, во поднесокот се појаснува дека не е дозволено користење на факсимил пред нотар за физички и правни лица и дека не постои ниту една држава во светот во која се практикува латински нотаријат, а во која се употребува факсимил наместо своерачен потпис или ракознак. Во поднесокот се наведува дека подносителот се осврнува на пракса во Република Србија, каде на овие лица им е овозможена употреба на факсимил пред јавни органи. Со поднесокот се истакнува дека нотарите во РСМ не се јавни органи, туку лица што вршат јавни овластувања уредени со закон, па поради тоа тврдат дека не може да се изедначат со јавните органи.

Согласно член 30, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.9.2024 година, претставниците на Комисијата - и одржаа средба со претставници на Националниот сојуз на слепи како подносители на претставката. Целта на одржаната средба беше појаснување на ефектите од оспорената одредба кон слепите лица и лицата со оштетен вид, која со претставката е адресирана како дискриминаторска. На почетокот, претставниците на КСЗД ја појаснија целта на разговорот, надлежностите на Комисијата и постапката за донесување на одлуки во Комисијата, со фокус на заштитата од дискриминација која потекнува од закон или практика.

**Имено, со конкретната претставка беше посочена како дискриминирачка одредбата од член 59 (сведоци при составување на нотарски акт) од Законот за нотаријатот**: *„(1) При составувањето на нотарски акт се потребни двајца сведоци и тоа: а) за тестамент; б) кога некој од учесниците не го знае службениот јазик; в) кога некој од учесниците е слеп, глув, нем или глувонем; г) кога некој од учесниците е неписмен или не може да пишува и д) во сите други случаи предвидени со закон. (2) По барање на нотарот или по барање на учесниците, сведоците може да бидат повикани и во други случаи.“*

Според подносителот на претставката со оваа одредба се отежнува пристапот до нотарските услуги за слепите лица и лицата со оштетен вид, односно овие лица се ставени во понеповолна положба. Поради тоа со претставката предлагаат да се утврди дискриминација и следствено да се препорачаат измени на Законот за нотаријатот, со цел да се овозможи олеснет пристап на оваа група лица при склучување на договори и

останати нотарски акти. Појасниja дека Законот за нотаријатот има претрпено неколку измени, па така во еден период ваква одредба воопшто не била предвидена. По измените на законот од 2018 година, одредбата повторно била ставена во сила, а тоа **во праксата предизвикало слепите лица и лицата со оштетен вид да бидат принудени самостојно да обезбедат двајца сведоци за било каква нотарска услуга.** Истакнаа дека воопшто не биле запознаени дека таква одредба ќе биде предвидена со измените на законот, бидејќи воопшто не биле консултирани во процесот. Потенцираа дека за нив воопшто не е јасна целта и причината за предвидување на оваа одредба. Воедно, посочија дека пред измените на законот, лицата со оштетен вид можеле да користат факсимил или отпечаток од прст, наместо своерачен потпис/ракознак.

**Во однос на ефектите што ги предизвикува оваа одредба кон засегнатата група, појасниja дека на овој начин не само што се задира во нивното достоинство, туку и практично претставува малтретирање, бидејќи се приморани за било каква нотарска услуга да најдат и организираат присуство на двајца сведоци. Тоа дополнително за нив претставува и финансиско оптеретување, бидејќи освен што се наплаќа тарифата за конкретната нотарска услуга, предивдени се и трошоци по однос на секој сведок повикан во постапката. Поради тоа тврдат дека за една иста нотарска услуга лицето со оштетен вид сноси непропорционално поголеми трошоци споредбено со лице без оштетен вид, односно лице кое не треба да обезбеди сведоци. Дополнително, нејасно за нив е зошто нотарот или лице вработено кај нотарот да не им го прочита актот, наместо да бидат приморани да обезбедуваат двајца сведоци. Тоа дополнително влијае на нивното достоинство, бидејќи се третирани како да немаат деловна способност или се неописменети.**
На прашањето на претставниците на Комисијата дали имале случај во кој побарале исклучување на сведоците согласно член 40, став 6 од Законот за нотаријатот, одговорија дека немале таков случај и дека сепак тоа е оставено на диспозиција на нотарот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доставување на информации до нотари од секој од планските региони, избрани по случаен избор од Именикот на нотари. Заради увид во фактичката состојба со Барањето беа побарани следните информации:

- Колку од странките кои пред Вас побарале извршување на службено дејствие биле слепи лица или лица со оштетен вид?;

- Дали при составување на нотарски акт кога учесник е слепо лице или лице со оштетен вид задолжително барате учество на двајца сведоци?;

- Дали при потврдување на приватна исправа на слепо лице или лице со оштетен вид задолжително барате учество на двајца сведоци? и

- На кој начин се утврдува дополнителната нотарска награда доколку при составување на нотарски акт или потврдување на приватна исправа учествуваат двајца сведоци? Во таа смисла дали нотарска награда од 200,00 денари е предвидена за секој сведок поединечно или вкупно?

Од добиените одговори се заклучува следното:
Поголем број од нотарите кои доставиле податоци, немале предмет во кој странка е слепо лице или лице со оштетен вид. Најголем дел од нотарите тврдат дека доколку странка во постапката е слепо лице или лице со оштетен вид, задолжително е составување на нотарски акт со сведоци и нотарска награда за сведоците од 200,00 денари во вкупен износ. Но, некои од нив никогаш не наплатиле награда за учество на сведоци во такви предмети. Во дел од поднесоците беше наведено дека во постапките во кои учествуваат слепи лица или лица со оштетен вид, задолжително е присуство на двајца сведоци како при составување на нотарски акт, така и при потврдување на приватна исправа. Во однос на нотарската награда се посочуваат членовите 14[1] и 35[2] од Нотарската тарифа.

На 12.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација со бр. 08 – 699 од страна на подносителот , кој наведува дека е лица со попреченост, односно со целосно оштетен вид. Во претставката наведува дека е жртва на дискриминација врз основа на попреченост, нанесена од нотарка при извршување на службено дејствие. Освен тоа, со претставката е адресирана индиректна дискриминација која потекнува од Законот за нотаријатот кон лицата со оштетен вид. Имајќи предвид дека за истата правна работа веќе беше поведена постапката за заштита од дискриминација која потекнува од Законот за нотаријатот, заради целисходност во постапувањето, Комисијата донесе Заклучок со кој ги спои двете постапки во една.

[1] „Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 200,00 денари."

[2] „Ако при заверката на потписот или ракознакот учествуваат и сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 100,00 денари за секој сведок."

Во претставката се наведува дека подносителот, заедно со и на 14.10.2024 година, во 11:15 часот ја посетиле нотарската канцеларија на нотарката на ул. бр. 35 – А во Скопје, заради заверка на лична изјава. Подносителот тврди дека за време на присуството во канцеларијата се случиле повеќе дискриминаторски постапки, и тоа:

<u>Индиректно обраќање</u>

Подносителот појаснува дека уште откако влегле во канцеларијата, нотарката постојано ѝ се обраќала на придружничката на подносителот - , а не нему како странка во постапката. Поради тоа, ѝ се обратила на нотарката: *„Госпоѓо, тој е во просторијава, обратете му се нему, јас сум само придружник“.* На тоа, нотарката изјавила: *„Како да му зборувам на него, кога тој ниту ме гледа, ниту ме слуша“.*

<u>Понижување пред присутните со зборовите *„ти си неписмен“*</u>

Откако ѝ посочила на нотарката да му се обраќа на подносителот, нотарката почнала да му се обраќа со зборовите: *„Ти си неписмен, од каде знаеш што потпишуваш...“*. На тоа, подносителот појаснува дека ѝ дал до знаење на нотарката дека тој самиот ја напишал и отпечатил изјавата што била предмет на заверка. По што подносителот ја замолил нотарката да не го дискриминира, да му дозволи како и на секоја друга странка да му ја завери изјавата, да плати и да си замине.

<u>Демонстративно докажување на функционална неписменост на подносителот</u>

Во продолжение подносителот наведува дека понижувањето кон него, освен вербално прераснало и во демонстративно. Имено, нотарката му дала празен без лист, барајќи од него да го потпише со пенкало, пред сите присутни во службената просторија (вработени, други странки и придружниците). Тој ја потпишал изјавата со скратен потпис, односно со истиот потпис како од неговата лична карта. Но, и покрај тоа, нотарктка одбивала да му ја завери изјавата, велејќи: *„Не ме интересира тоа што во МВР ти дозволиле да се потпишеш, наместо да те регистрираат како неписмен со отпечатоци од прст, јас овде си работам по закон, ако ти се допаѓа остани, ако не оди си слободно“.*

<u>Вербална агресија</u>

Откако подносителот ја изразил непријатноста која ја почувствувал со зборовите *„Ова јас го осеќам како дискриминација, и од Вас и од законите во државата“*, нотарката му викнала со висок тон да излезе од канцеларијата ако не му се допаѓа, наместо да понуди решение соодветно на состојбата на подносителот. Подносителот истакнува дека во таа ситуација регирал трезвено и се согласил на нејзините услови, бидејќи бил принуден да ја завери изјавата истиот ден поради потребите на друга правна постапка.

Сведоци

Подносителот наведува дека бил изложен на дополнителни непријатности со барање на друг сведок, наместо неговата сестра . Со тоа тој бил примoран да помине уште еден час, барајќи друго лице како сведок. Сепак, успеал да најде сведок, сестрата на , којашто работела во непосредна близина. Подносителот наведува дека со тоа бил ставен во непријатна ситуација, бидејќи на и нејзината сестра им одземал речиси по час и половина време, за што подоцна непријатноста морал да ја надомести на друг начин.

Прекршување на Законот за нотаријатот

Подносителот истакнува дека во нотарскиот акт, освен содржината на изјавата која ја напишал тој, меѓудругото, било наведено: *„Јас, лично му го прочитав нотарскиот акт на клиентот и го запознав со содржината на овој нотарски акт"*. И покрај тоа, подносителот наведува дека нотарката откако го донела актот отпечатен од другата канцеларија, го оставила кај неговата придружничка за таа да му го прочита. Освен тоа, подносителот наведува дека нотарката не постапила и според член 40, став 6 од Законот за нотаријат, кој гласи: „Ако со закон поинаку не е определено, во согласност со странките и одобрение на нотарот, можат да се исклучат сведоците, а нотарот тоа ќе го забележи во нотарската исправа." Имајќи предвид дека подносителот самиот ја напишал и отпечатил изјавата, според него во случајот било најсоодветно нотарката да му дозволи да ја потпише сопствената изјава со ракознак, без да повикува сведоци. Подносителот тврди дека на тој начин би се извршило соодветно приспособување на нотарската работа кон неговите потреби.

Физички инцидент

Подносителот наведува дека при потпишување на документот, нотарката не внимавала при апликација на мастилото за заверка, па наместо само врвот на показалецот, му ја замачкала целата десна дланка, што потоа одвај го исчистил.

Непропорционално повисока цена на услугата

За услугата на подносителот му биле побарани 710, 00 денари, за што во прилог на претставката доставил доказ – фискална сметка. Откако ја платил сумата, ги прашал вработените во нотарската канцеларија колку би чинела истата услуга, доколку не биле повикани сведоци. Тие му одговориле дека редовна заверка на изјава чини 150, 00 денари, односно речици 5 пати помалку од сумата што тој ја платил. Според подносителот, нотарите ја претпочитаат оваа постапка токму поради повисоката провизија, наспроти редовната провизија за истата услуга. Тој тврди дека тоа е целосно неправедно кон лицата со целосно оштетен вид.

Во продолжение на претставката подносителот се осврнува на дискриминацијата која ја произведува Законот за нотаријат. Со претставката се посочува како дискриминирачка одредбата од член 59, став 1, точка 3 од Законот за нотаријатот. Според подносителот оваа одредба го става по нееднаква положба него како слепо лице, во однос на лицата без попреченост, и со тоа е изложен на дополнителни трошоци, компликации и психолошки стрес. Во однос на трошоците за нотарските услуги, имајќи го предвид и претходно наведеното, подносителот тврди дека слепите лица подлежат на непропорционално повисоки трошоци во споредба со лицата без попреченост, кога ги остваруваат истите услуги. Во овој дел, подносителот потенцира дека треба да се земе предвид фактот што над 70 % од слепите лица или лицата со оштетен вид се невработени, и на овој начин на овие лица дополнително им се ограничуваат правата и можностите кои се остваруваат преку нотарските услуги. Во конкретниот случај, подносителот наведува дека изјавата што подложела на заверка му била потребна заради основање на здружение, со која тој како основач изјавил дека податоците во документите за основање на здружението се точни и вистинити. Па така, доколку подносителот не плател речици 5 пати повеќе за заверка на изјавата, не би можел да го основа здружението. На овој начин би му било оневозможено остварувањето на граѓанското право на здружување. Во врска со наметнување на обрската за наоѓање на сведоци, подносителот тврди дека со тоа се комплицира процесот на добивање на нотарска услуга. Кога слепи лица или лица со оштетен вид пристапуваат до нотарски услуги, од нив се бара да обезбедат двајца сведоци кои лично го познаваат лицето што е странка во постапката, а истите да не се во роднинска врска или да немаат правен интерес во постапката. Подносителот се осврнува на практичните пречки при обезбедување на сведоци, наведувајќи дека е многу тешко да се најдат двајца слободни луѓе во работно време, кои истовремено ја познаваат странката и не се во роднинска врска. При тоа, напоменува да се земе предвид фактот што поради непристапноста во средината, засегнатите лица помалку се социјализираат и како резултат на тоа имаат помал круг на пријатели и блиски кои не се роднински поврзани. Имајќи предвид дека засегнатите лица се во голем дел зависни од нивните семејства во секојдневието, ваквите законски одредби дополнително им го отежнуваат функционирањето. Тие се ставени во непријатна состојба пред и онака малиот круг луѓе што ги познаваат, со тоа што се приморани да ги принудуваат да земат слободни денови или да излегуваат од работа. Подносителот потенцира дека ваквите одредби во законот можеби изгледаат заштитнички за слепите лица, но во практиката е тешко и комплицирано спроведливо затоа што товарот паѓа на нив. Дополнително, се тврди дека обезбедувањето на двајца сведоци влијае на правото на приватност на странката, бидејќи секоја евентуална деловна активност, било каква приватна информација или лични податоци би морале да бидат споделени со двајца сведоци. Во однос на обврската слепите лица да бидат обележани со мастило при

оставање на ракознак во постапка при заверка на нотарски акт, подносителот наведува дека тоа влијае деградирачки за нив и често се случува на улица да ги гледаат како „криминалци“.

Со сето наведено подносителот смета дека се прекршуваат одредбите од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, која РСМ ја има ратификувано во 2011 година, со што државата има обврска да обезбеди еднаков пристап за лицата со попреченост до сите јавни и приватни услуги, вклучително и нотарските услуги. Подносителот упатува на членот 5 (еднаквост и недискриминација), членот 9 (пристап, меѓудругото, до услуги што се остварени и обезбедени за јавноста, вклучително и нотарските услуги), како и членот 12 (еднакво признавање пред законот). Во претставката се реферира и на компаративна практика од други држави, и тоа: употребата на факсимилот во правни постапки (Франција) и постапки без присуство на сведоци, во кои нотарот или службеното лице се должни единствено да го прочитаат документот на глас за слепото лице (Австрија и Германија). Поради тоа, подносителот предлага соодветно да се измени Законот за нотаријатот и истиот да се усогласи со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, со цел отстранување на бариерите кои истиот ги создава за лицата со попреченост. Според подносителот, дискриминацијата од овој закон би се отстранила доколку се предвиди еднаков трошок за нотарските услуги за лицата со и лицата без попреченост (доколку не се намали трошокот за лицата со попреченост, тогаш тој да падне на товар на државата), да се исклучи обврската за обезбедување сведоци во постапката пред нотар (доколку не се исклучи обврската за обезбедување сведоци, тогаш сведоци да бидат вработени во нотарската канцеларија или други лица кои ќе ги обезбеди нотарот) и предвидување на факсимилот (печат со име, презиме и скратен потпис на слепото лице), наместо деградирачкото обележување на прсти со мастило.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.11.2024 година, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување со бр. 08 – 381/16 до нотарката . Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата констатираше дека тврдењето за дискриминација е веројатно и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го префрли товарот на докажување врз посочената дискриминаторка.

На 16.12.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по претставката од нотарката . Со истиот се оспоруваат како неосновани тврдењата за сторена дискриминација и се појаснува настанот од перспектива на нотарката. Нотарката наведува дека на 14.10.2024 година, заедно со

(по негово кажување сестра) и дошле во нејзината канцеларија, со цел да завери потпис на Изјава како приватна исправа. Таа била повикана од вработените во нотарската канцеларија, поради присуство на лице со оштетен вид кое изразило волја да завери потпис на изјава како приватна исправа. При разговор со странката, наведува дека утврдила дека се работи за лице со оштетен вид (целосно) и му појаснила дека согласно Законот за нотаријатот (член 59) потребно е изјавата да биде составена во форма на нотарски акт, на истата тој да стави ракознак, во присуство на двајца сведоци со кои не е во роднинска врска, а во кои има полна доверба. Нотарката потенцира дека кога го објаснувала тоа, погледот ѝ бил насочен кон , и . При тоа, наведува дека не се точни наводите дека таа изјавила *„Како да му зборувам на него, кога ниту ме гледа, ниту ме слуша"*. Нотарката тврди дека немало причина да каже такво нешто, кога била свесна дека не ја гледа, туку напротив ја слуша. Воедно, наведува дека е нормално погледот да ѝ бил насочен кон сите присутни додека објаснувала, па во некој момент можно е погледот да ѝ бил насочен кон При нејзиното појаснување, наведува дека подносителот демонстрирал нервоза и со висок тон пред нејзините вработени и странки негодувал, кажувајќи дека е писмено лице и дека сам ја напишал изјавата како приватна исправа и сам ја потпишал. Според кажувањето на нотарката, подносителот истакнал дека го познава Законот за нотаријат и дека знае за потребата од двајца сведоци, но сепак инсистирал нотарката да го завери неговиот потпис на изјавата како приватна исправа. За неа е нејасно зошто подносителот, иако ги знаел законските прописи, настојувал истите да не се почитуваат во нотарската канцеларија. Во поднесокот се појаснува дека таква заверка на потпис е спротивна на членот 59 од Законот за нотаријат. Во продолжение се наведува дека согласно член 25 од *Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија* , во уписникот за потписи при заверка на потпис потребно е учесникот да го потпише целото име и презиме, а според нотарката лицето

ја не можел да го стори. Наведува дека тоа го утврдила на начин што му дала празен лист хартија на кој требало да се потпише. Откако подносителот ставил параф, таа заклучила, по што и му соопштила дека не може да го завери неговиот потпис на изјавата како приватна исправа. Поради тоа појаснила дека е потребно изјавата да биде сочинета во форма на нотарски акт, за што би било потребно 15 до 20 минути со цел истата да се изготви или доколку не можат да почекаат толку време да закажат термин за друг ден. Подносителот се согласил веднаш да се изготви нотарскиот акт и во меѓувреме да повика друг сведок, наместо неговата сестра, која според член 60

точка в од Законот за нотаријатот не може да се јави како сведок на нотарскиот акт. Нотарката наведува дека во тој момент имала и други службени обврски кои ги одложила, со цел да го оствари своето право, односно да добие законска и правно валидна изјава. За наводите од претставката според кои нотарката му рекла на подносителот дека е неписмен и да излезе од канцеларијата доколку не му се допаѓа, нотарката тврди дека се невистинити. Појаснува дека му потенцирала на подносителот дека постапува согласно Законот за нотаријатот и дека доколку е незадоволен од таквата одредба треба да побара од Министерството за правда да изврши промена на одредбите од законот. Во однос на наводите од претставката поврзани со читањето на изјавата во форма на нотарски акт, нотарката наведува дека откако ја составила изјавата во форма на нотарски акт, на барање и инсистирање на придружничката на подносителот, дозволила таа да му ја прочита. Таа тврди дека странките не сакале да почекаат, за од службената просторија за заверки да преминат во службената просторија за сочинување на нотарски акти (која во моментот била зафатена поради присуство на други странки), поради што инсистирала таа самата да му ја прочита изјавата на . Откако подносителот се сложил, нотарката дозволила придружничката да му го прочита актот во нејзино присуство. Нотарката потенцира дека тоа го смета исто како таа самата да го прочитала. По тоа, подносителот го ставил својот ракознак од десниот показалец и сведоците своите потписи. Во однос на наводот од претставката дека нотарката постапила спротивно на одредбата од член 40, став 6 од Законот за нотаријатот, таа го потврдува истото. Во поднесокот за произнесување наведува дека причината за таквото постапување е тоа што одредбата од членот 40 е општа одредба за потпишување на нотарски исправи, а членот 59 од Законот за нотаријат е одредба која упатува на потреба од двајца сведоци кога се сочинува нотарски акт за лице со попреченост. Нотарката тврди дека наводите според кои побарала од подносителот да излезе од нотарската канцеларија се невистинити. Тврди дека истото се потврдува со фактот што ја сочинила изјавата во форма на нотарски акт и со тоа што подносителот ставил ракознак во присуство на двајца сведоци. Воедно, напоменува дека за целото време додека странките биле присутни во нејзината канцеларија, подносителот демонстрирал моќ и нетрпеливост. Што се однесува до нотарската награда, судската такса и трошоците за изготвување на нотарскиот акт, во поднесокот се наведува дека подносилот бил запознаен за висината на истите од страна на нотарката. Тој се согласил и платил, што е во согласност со член 16, член 14, став 2 и член 55 од Нотарската тарифа. Како заклучок, во поднесокот се наведува дека нотарката ја извршува нотарската служба 26 години и дека за тоа време опслужила многу странки со попреченост кои не биле во можност да потпишат изјави, како глуви, неми, глувонеми, слепи или со оштетен вид, неписмени или од разни други причини не можеле да ги потпишат изјавите (старост, болест и сл.). Нотарката наведува во


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk